**20260500844**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 48 став (5) од Законот за фитофармација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20, 274/22, 129/23, 218/24 и 124/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 март 2026 година, донесе

# НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ОДРЖЛИВА УПОТРЕБА НА ФИТОФАРМАЦЕВТСКИ ПРОИЗВОДИ ЗА 2026 – 2036 ГОДИНА

## I. ЕЛЕМЕНТИ НА НАЦИОНАЛНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ОДРЖЛИВА УПОТРЕБА НА ФИТОФАРМАЦЕВТСКИ ПРОИЗВОДИ ЗА 2026 – 2036 ГОДИНА

Со овој Национален акциски план за одржлива употреба на фитофармацевтски производиза 2026-2036 година (во натамошниот текст: НАП) се утврдуваат целите, мерките, индикаторите и роковите за постигнување на одржлива употреба на фитофармацевтските производи (во натамошниот текст: ФФП) и има за цел да се намалат ризиците и влијанијата на ФФП врз здравјето на човекот, животните и на животната средина и намалување на потребата од користење на ФФП, преку воведување и развој на интегрирана заштита на растенијата и други алтернативни пристапи или техники, како и индикатори на ризик со цел мониторинг на употреба на ФФП кои содржат активни супстанции од висок ризик, како и планираните мерки во согласност со прописите кои ги регулираат водите.

НАП се однесува на елементите на одржлива употреба на ФФП со поставени петгодишни цели за секоја област во форма на мерки за постигнување на специфичните цели во Република Северна Македонија.

## II. ДЕФИНИЦИИ

Одделни изрази употребени во овој акциски план го имаат следното значење:

1) „Дистрибутер“ е лице (производител, големопродажник, малопродажник, продавач, снабдувач) кое е вклучено во синџирот на пласирање на пазарот на ФФП и

2) „Поширока јавност“се однесува на сите лица вклучени во земјоделското производство; непрофесионалните корисници и лица кои живеат во близина на подрачја каде што се применуваат ФФП; вклучувајќи ги и урбаните средини, лица кои употребуваат ФФП во текот на нивната професионална активност, вклучувајќи оператори, техничари, работодавачи и самовработени лица, како во земјоделството, така и во други сектори.

## III. ОПШТИ ЦЕЛИ

Основната цел на НАП е производство на безбедна и квалитетна храна за луѓето, како и храна за животни по конкурентна цена што овозможува економска стабилност на земјоделските производители.

Со цел да се постигне одржлива употреба на ФФП, во НАП се дефинирани следните општи цели:

1) Безбедно пласирање на пазар и управување со ФФП во насока на заштита на здравјето на луѓето, животните и животната средина;

2) Подобрување на земјоделското производство преку зголемување на квалитетот на земјоделските производи и приходите на земјоделските производители на одржлив начин, со грижа за зачувување на биолошката разновидност и заштита на екосистемите;

3) Обезбедување на одржлива употреба на ФФП за сите земјоделски растенија, а притоа минимизирајќи го ризикот од нивната употреба, со поддршка на систем за извештајно-прогнозни активности за здравјето на растенијата;

4) Обезбедување на професионалните корисници со професионален совет при купување на ФФП, прегледана и сертифицирана опрема за апликација на ФФП и пристап до стручна обука за фитофармација;

5) Заштита на корисниците на ФФП и пошироката јавност преку минимизирање на опасноста и ризикот од нивната употреба по здравјето на луѓето, животните и животната средина;

6) Заштита на потрошувачите преку намалување на присуството на резидуи од сите активни супстанции во храната и водата за пиење и истите да бидат во рамките на максимално ниво на резидуи (во натамошниот текст: МНР);

7) Поттикнување на примената на принципите за интегрирана заштита на растенијата во земјоделското производство, односно ФФП да се користат само кога е апсолутно неопходно или само економски оправдано, што се обезбедува преку подигнување на свеста на корисниците за безбедно користење на истите, промовирање на развојот и воведување на органско земјоделство и други одржливи земјоделски практики и

8) Развивање на транспарентен систем за известување и следење на постигнатиот напредок во постигнувањето на целите, вклучително и развој на соодветни индикатори.

## IV. СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ

Во НАП-от се дефинирани следните специфичните цели:

1) Минимизирање на  употребата на ФФП, особено оние што содржат активни супстанции  кои се кандидати за замена;

2) Постигнување на технички оправдана употреба на ФФП која ќе се заснова на набљудување, известување и прогнозирање на ефективните мерки за подобрување на здравјето на растенијата со поддршка на систем за извештајно-прогнозни активностиза здравјето на растенијата;

3) Подобрување на знаењето за фитомедицината во техничките служби кои се вклучени во заштитата на растенијата, вклучувајќи ја интегрираната заштита на растенијата и здравјето на растенијата во наставните програми на средните училишта и факултетите;

4) Подобрување на техничките знаења на професионалните корисници преку обука, упатства и подигнување на свеста;

5) Минимизирање на резидуите од ФФП во земјоделските производи, односно намалување на бројот на случаи со надминати МНР на пазарот;

6) Минимизирање на контаминацијата на површинските и подземните води што произлегува од употребата на ФФП со цел постигнување на заштита на површинските и подземните води;

7) Подобрување на контролата на употребата на ФФП (за земјоделски и неземјоделски цели), како и отстранувањето на отпадот од пакувања од истите;

8) Организирање на систем за управување со отпад од пакувања и остатоци од ФФП;

9) Воспоставување на систематско следење на влијанијата на ФФП на одредени нецелни организми како на пример: труењето на пчели, птици и риби, минимизирање на бројот на отруени медоносни пчели, птици и риби кои произлегуваат од употребата на истите и

10) Воспоставување на систематско следење на влијанијата на ФФП врз здравјето на нивните корисници односно професионалните корисници.

Специфичните цели се предмет на ревизија, бидејќи тие зависат од резултатите од првичната и понатамошните анализи на употребата на ФФП во различни системи за одгледување во Република Северна Македонија.

## V. ИНДИКАТОРИ ЗА РИЗИК

За пресметување на индикаторите за ризик се користат следните главни показатели:

| Главни показатели | Опис на показателот |
|---|---|
| 1. Количина на ФФП продадена на професионални корисници (kg) или (L) | Продадените количини може да се следат за утврдување на одредени групи активни супстанции кои според нивните својства претставуваат зголемен ризик за животната средина и здравјето на луѓето и животните.<br>Ова се однесува на оние ФФП кои содржат активни супстанции кои се сметаат за кандидати за замена. |
| 2. Количина на употребени активни супстанци (kg/) или (L) | Првиот ЕУ Хармонизиран индикатор за ризик 1 (HRI1) се пресметува врз основа на категоризација на одобрените активни супстанции во согласност со Законот за фитофармација (*). |
| 3 Број на професионални корисници на ФФП | Професионалните корисници на ФФП треба да имаат завршено стручна обука за фитофармација, фитомедицина и одржлива употреба на ФФП согласно Законот за фитофармација (*). |
| 4. Број на дистрибутери и советници | Дистрибутерите и советниците треба да имаат завршеностручна обукаи положено испит за фитофармација, фитомедицина и одржлива употреба на ФФП согласно Законот за фитофармација (*). |
| 5. Процент на примероци од подземни води со неусогласеност во однос на МНР | Бројот на примероци од подземни води во кои се детектирани загадувачи од ФФП во споредба со вкупниот број на земени примероци во мониторингот на подземните води. |
| 6. Процент на примероци од површински води со неусогласеност во однос на МНР | Бројот на примероци од површински води во кои е детектирано контаминирање од ФФП во споредба со вкупниот број на земени примероци од мониторингот на површинските води. |
| 7 Процент на примероци од вода за пиењесо неусогласеност во однос на МНР | Бројот на примероци од вода за пиење во кои е детектирано контаминирање од ФФП во споредба со вкупниот број на земени примероци од мониторингот на водата за пиење. |
| 8. Број на прегледана опрема за апликација во текот на една година | Број на спроведени технички прегледи на опремата за апликација на ФФП. |

Употребената количина на активни супстанции е исклучително важен показател, врз основа на кој може да се планираат одредени мерки за намалување на ризиците по здравјето на луѓето, животните и животната средина, како и мерки за намалување на отпорноста на одредени штетни организми кон специфични групи на ФФП.

За да се измери напредокот и постигнувањата во намалувањето на ризиците од ФФП за здравјето на луѓето, животните и животната средина, неопходно е да се воспостават посебни показатели за секоја мерка.

Показателите се користат за следење на напредокот во постигнувањето на општите и посебните цели на НАП, како и за потребите на обработка на податоци и известување.

## VI. МЕРКИ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ НА НАП

За постигнување на општите цели и специфичните цели, се дефинирани следните мерки:

1. Следење на количина на ФФП продадени на професионалните корисници;
2. Зајакнување на институционалниот капацитет на системот за одржлива употреба на ФФПво Република Северна Македонија;
3. Обука за фитофармација и безбедна употреба на ФФП;
4. Воспоставување на систем за извештајно-прогнозни активности за здравјето на растенијата;
5. Интегрирана заштита на растенијата;
6. Информирање и подигнување на свеста на широката јавност;
7. Ракување и складирање на ФФП;
8. Сертификација на опрема за апликација на ФФП;
9. Мониторинг на водната средина и водата за пиење;
10. Употреба на ФФП во области посетени од пошироката јавност и ранливи групи;
11. Употреба на ФФП на површини во непосредна близина на областите посетени од пошироката јавност и ранливи групи;
12. Одржливо користење на ФФП во земјоделството во заштитени подрачја;
13. Заштита на пчели и други опрашувачи;
14. Употреба на воздушна апликација на ФФП и
15. Финансиска поддршка наменета за подобрување и олеснување на спроведувањето на мерките дефинирани во НАП.

### VI.1. СЛЕДЕЊЕ НА КОЛИЧИНА НА ФФП ПРОДАДЕНИ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КОРИСНИЦИ

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Фитосанитарна управа (во понатамошниот текст: Фитосанитарна управа) води евиденција на податоците за продадените ФФП во ИТ системот управуван од Фитосанитарната управа - Фитосанитарен информативен систем (во понатамошниот текст: ФИС).

Економските оператори кои пласираат на пазар ФФП имаат пристап до системот и се обврзани да ги внесуваат податоците за количините на продадените ФФП на професионалните корисници ФФП, како и соодветните активни супстанции кои влегуваат во состав на ФФП.

Податоците ќе бидат обезбедени од страна на Фитосанитарната управа најдоцна до 2028 година.

Фитосанитарната управа ќе обезбедува годишни податоци поврзани со индикаторот на ризик HRI 1.

Податоците поврзани со индикаторот HRI 2 ќе бидат обезбедени од страна на Фитосанитарна управа, врз основа на издадените одобренија во итни исклучителни состојби согласно Законот за фитофармација (*).

Следењето на количината на ФФП продадени на професионални корисници, како и целите, мерките, показателите, податоците кои треба да се следат, изворите на податоци, надлежните органи и временската рамка за реализација на оваа мерка ќе се спроведе во согласност со:

| Следење на количината на ФФП продадени на професионални корисници | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели | Минимизирање на употребата на ФФП, особено оние кои содржат активни супстанции кои се кандидати за замена. | | | |
| Мерки | Развој и надградба на ФИС;<br>Целосно функционирање на ИТ системот (ФИС) за евидентирање на продадените ФФП;<br>Воспоставување на процедури и обврски за економските операторите кои пласираат на пазар ФФП во однос на внесување на податоци во ФИС, согласно Законот за фитофармација (*);<br>Добивање податоци за продадени ФФПза период до 2028 година и<br>Анализа на добиените податоци на ниво на ФФП, како и активни супстанции на годишно ниво. | | | |
| Показател | Податоци кои треба да се следат | Извор на податоци | Надлежен орган | Временска рамка |
| Количина на продадени ФФП на професионални корисници според HRI1 | Количина на продадени ФФП и поврзани активни супстанции на професионални корисници | Извештаи од регистрирани економски оператори кои пласираат на пазар ФФП | Фитосанитарна управа | Годишно |

За реализација на следење на количина на ФФП продадени на професионалните корисници Фитосанитарната управа ќе ги спроведе следните активности во наведениот временски период:

| Година | Активност |
|---|---|
| 2026 | ИТ системот (ФИС) за евидентирање на продадени ФФП целосно функционален, согласно одредбите на Законот за фитофармација (*). |
| 2026-2027 | Собирање на податоци заклучно со 31 декември 2027 за количините на продадени ФФП и поврзаните активни супстанции, кои ќе бидат внесени во ИТ системот (ФИС). Количините на продадени ФФП (активни супстанции) во наредните години ќе се оценуваат во однос на основниот индекс 100, што се однесува на период до 2028 година. |
| 2026 | Потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Државниот завод за статистика за утврдување процедури и одговорности поврзани со споделување на податоци за продадени количини на ФФП добиени преку ФИС, како и нивна обработка и статистичка анализа (на пр. групирање на активни супстанции според HRI), за потребите на овој акциски плани за потребите на HRI. |
| 2026 | Комуникација со Државниот завод за статистика за добивање на потребните податоци за земјоделско производство (специфични по култури, во хектари). |

| | |
|---|---|
| 2026 | Изготвување на правилник кој ги утврдува формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата, како и начинот на доставување на податоците од страна на економскитеоператори кои пласираат на пазар ФФП за евидентирање на податоците во ФИС. |
| 2026 | Подигнување на свеста на економските оператори кои пласираат на пазар ФФП во однос на обврските за внесување на податоци во ФИС (преку спроведување на обуки, јавни расправи, брошури и слично). |
| 2026 | Назначување на лица од Фитосанитарната управа одговорни за анализа на обработените податоци за продадени количини на ФФП и поврзаните активни супстанции, според 4 групи наведени во HRI и планирање на специфичните мерки за постигнување на целите на акцискиот план. |

## VI.2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ НА СИСТЕМОТ ЗА ОДРЖЛИВА УПОТРЕБА НА ФФП ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Фитосанитарната управа е надлежен орган за целокупното воспоставување на организиран систем за одржлива употреба на ФФП, координација на сите надлежни служби и засегнати страни вклучени во неговата имплементација, како и идентификација на структурите што ќе бидат вклучени во конкретните активности.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е надлежен орган за финансиското управување за потребите од спроведување на овој акциски план во согласност со неговите надлежности.

Останати институции и засегнатите страни вклучени во координациските активности се:

- Министерство за животна средина и просторно планирање,
- Министерство за здравство,
- Агенција за храна и ветеринарство,
- Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството,
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи,
- Јавни научни или други институции овластени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и
- Други тела/засегнати страни кои би можеле да бидат вклучени за постигнување на целите на овој акциски план.

Следењето на зајакнување на институционалниот капацитет на системот за одржлива употреба на ФФП, како и целите, мерките, показателите, податоците кои треба да се следат, изворите на податоци, надлежните органи и временската рамка за реализација на оваа мерка ќе се спроведе во согласност со:

| Зајакнување на институционалните капацитети на системот за одржлива употреба на ФФП | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели | - Обезбедување на ефективна интеракција помеѓу надлежните органи и телата вклучени во спроведувањето на овој акциски план;<br>- Правилно спроведување на одредбите на национално и локално ниво и<br>- Подобрување на знаењето во однос на одржлива употреба на ФФП кај вработените во надлежните органи вклучени во спроведувањето на овој акциски план. | | | |
| Мерки | - Интеракција со надлежните органи и тела за да се обезбеди правилно спроведување на одредбите на овој акциски план и<br>- Обука на персоналот во надлежните органи за усвојување на соодветни мерки и давање совети на професионалните корисници за постигнување на одржлив земјоделски систем. | | | |
| Показатели | Податоци кои треба да се следат | Извор на податоци | Надлежен орган | Временска рамка |
| Оперативен координациски систем | Одржани состаноци, обуки, споделени документи, издадени одлуки | Фитосанитарна управа | Фитосанитарна управа | Целo времетраење на НАП - от |
| Подобрено знаење/стручност на персоналот во надлежните органи | Број на обучени лица по различни теми, број на подготвени информативни материјали за посебни теми | Фитосанитарна управа | Фитосанитарна управа | Годишно |

За реализација на на зајакнување на институционалниот капацитет на системот за одржлива употреба на ФФП, Фитосанитарната управа и останатите надлежни органи ќе ги спроведат следните активности во наведениот временски период:

| Година | Активност |
|---|---|
| 2026 - 2027 | Организирање и спроведување на редовни состаноци за делегирање на активности што се однесуваат на посебни органи/тела. |
| 2026 - континуирано | Организирање и спроведување на обуки или специфични состаноци, подготовка на информативни материјали за подобрување на знаењето на лицата во надлежните органи и тела за одржлива употреба на ФФП. |
| континуирано | Учество на вработените во надлежните органи во BTSF (BetterTrainingforSaferFood) и други програми за обуки. |

## VI.3. ОБУКА ЗА ФИТОФАРМАЦИЈА И БЕЗБЕДНА УПОТРЕБА НА ФФП

Системот за задолжителна сертифицирана стручна обука за професионалните корисници, дистрибутери и советници ги опфаќа основната и обука за обновувањето на знаењето од обласа на фитофармација, фитомедицина и одржлива употреба на ФФП (во натамошниот текст: Обука за фитофармација).

Сертификатот на професионалните корисници епотребен за прикажување при секое купување на ФФП.

Обуката за фитофармација е прилагодена на различните целни групи на учесници, а особено внимание ќе се посвети на советниците, кои даваат совети во однос на заштита на растенијата од болести, штетници и плевели.

Следењето на спроведувањето на обуката за фитофармација и безбедна употреба на ФФП, како и целите, мерките, показателите, податоците кои треба да се следат, изворите на податоци, надлежните органи и временската рамка за реализација на оваа мерка ќе се спроведе во согласност со:

| Обука за фитофармација и безбедна употреба на ФФП | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели | - Воспоставување на систем каде професионалните корисници, дистрибутерите и советниците ќе добиваат соодветна обука поврзана со правилната употреба на ФФП, како и ризиците за животната средина и здравјето на луѓето поврзани со нивната употреба, вклучувајќи ја и примената на принципите на интегрирана заштита на растенијата (IPM). | | | |
| Мерки | Преземање на активности во врска со организирање на обуката за фитофармација и полагањето на испит за фитофармација | | | |
| Показател | Податоци кои треба да се следат | Извор на податоци | Надлежен орган | Временска рамка |
| Сертифицирани професионални корисници на ФФП | Број на сертифицирани професионални корисници на ФФП | ФИС | Фитосанитарна управа | Годишно |
| Лиценцирани дистрибутери на ФФП | Број на лиценцирани дистрибутери на ФФП | ФИС | Фитосанитарна управа | Годишно |
| Лиценцирани советници за ФФП | Број на лиценцирани советници за ФФП | ФИС | Фитосанитарна управа | Годишно |
| Список на лиценцирани советници и дистрибутери и сертифицирани професионални корисници | Евидентирање на лиценцирани советници и дистрибутери и сертифицирани професионални корисници | ФИС | Фитосанитарна управа | Годишно |

За реализација на обуката на професионални корисници, дистрибутери и советници за одржлива употреба на ФФП, Фитосанитарната управа и останатите надлежни органи ќе ги спроведат следните активности во наведениот временски период:

| Година | Активност |
|---|---|
| 2026 | Фитосанитарната управа ќе склучи договори со јавни средни земјоделски и прехранбени училишта за спроведување на обука за професионални корисници. |
| 2026-2028 | Дистрибуција на информации од страна на Фитосанитарната управа до засегнатите страни за обврските што произлегуваат од Законот за фитоформација (*) во врска со обуката. |
| 2026 | Организирање на обука на професионалните корисници. |
| 2026 | Водење на список на лиценцирани советници и дистрибутери и сертифицирани професионални корисници. |

## VI.4. ВОСПОСТАВУВАЊЕ СИСТЕМ ЗА ИЗВЕШТАЈНО-ПРОГНОЗНИ АКТИВНОСТИ ЗА ЗДРАВЈЕТО НА РАСТЕНИЈАТА

Со цел подобрувањето на здравјето на растенијата во земјоделското производство во државата, како и правилна примена на интегрирана заштита на растенијата, технички оправданата употреба на ФФП, а заради набљудување, мониторинг, известување и

прогнозирање на појавата на штетните организми, како и предлагање на ефективни мерки, требада биде воспоставенсистем за извештајно-прогнозни активности за следење на штетните организми во земјата.

Системот треба да биде координиран од страна на Фитосанитарна управа, а истата ќе биде одговорна за воспоставување на мрежа за мониторинг на развојот на најзначајните штетни организми, како и имплементацијана системи за прогнозирање и предупредување со цел да им се овозможи на професионалните корисници на ФФП навремено да добиваат информации - билтени кои се базираат на резултатите од мониторинг мрежите.

Билтените ќе бидат објавувани на институционалните веб-страници, социјалните платформи (Facebook, Instagram и сл.) и ќе се пренесуваат до засегнатите страни преку е-пошта, SMS, Viber, WhatsApp и сл. и истите ќе ги содржат следниве податоци:

- информации за временските прогнози;
- практични препораки за набљудуваните култури во однос на: фенолошката фаза на растението, епидемиолошка фаза на главните штетни организми;
- индикации за најсоодветен временски период за примена на ФФП и
- препораки за активните материи на ФФП кои треба да се користат, алтернативни методи кои можат да допринесат за намалување на употребата на ФФП во дадената ситуација.

Информациите ќе бидат поврзани со специфични производни области, претходно идентификувани врз основа на специфичните агроклиматски услови и истите ќе бидат објавувани редовно, во согласност со потребата за заштита на одредени земјоделски култури од најзначајните штетни организми.

Обезбедувањето на техничка поддршка и советување на професионалните корисници за интегрирана заштита на растенијата е непосредно поврзано со претходно утврдување на локални известувачи на територијата на државата.

Следењето на воспоставување систем за извештајно-прогнозни активности за здравјето на растенијата, како и целите, мерките, показателите, податоците кои треба да се следат, изворите на податоци, надлежните органи и временската рамка за реализација на оваа мерка ќе се спроведе во согласност со:

| Воспоставување систем за извештајно-прогнозни активности за здравјето на растенијата | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели | - Развој на земјоделското производство преку зголемување на квалитетот и безбедноста на земјоделските производи и приходите на земјоделците на одржлив начин, со грижа за зачувување на биодиверзитетот и заштита на екосистемите и<br>- Да се обезбеди одржливата употреба на ФФП за сите земјоделски култури, со минимизирање на ризиците од нивната употребата со поддршка на системот за извештајно-прогнозни активности за здравје на растенијата. | | | |
| Мерки | - Идентификување на структурите кои го сочинуваат систем за извештајно-прогнозни активности;<br>- Дефинирање на потребните квалификации, број на персонал и територијално покривање на услугата и<br>- Дефинирање на потребните просторни услови, опрема и алатки, погодни за активности на системот за извештајно-прогнозни активности за здравјето на растенијата. | | | |
| Показател | Податоци за истражување | Извор на податоци | Надлежен орган | Временска рамка |
| Оперативни и обучени специјалисти вклучени во системот за извештајно-прогнозни активности | Број на обучени и активни лица во систем за извештајно-прогнозниот активности | Евиденција, записи за вработување | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 2026-2028 |
| Агрометеоролошки станици | Број на оперативни агрометеоролошки станици | Фитосанитарна управа и Локална самоуправа, Невладини организации | Фитосанитарна управа | 2026-2027 |
| IT опрема погодна за функционирање на услугата | IT опрема во функција на сервисот за контрола | Фитосанитарна управа и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи | Фитосанитарна управа | тековно |
| Локално покривање со локални известувачи | Број на локални известувачиво функција на сервисот за контрола | Фитосанитарна управа | Фитосанитарна управа | 2026-2036 |
| Зголемен број на функционални модули за следење на појава на штетни организми | Број на функционални модули за следење на појава на штетни организми | Фитосанитарна управа и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи | Фитосанитарна управа и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеорлошки работи | 2028-2036 |

За реализација на воспоставување на системот за извештајно-прогнозни активности за здравјето на растенијата, Фитосанитарната управа и останатите надлежни органи ќе ги спроведат следните активности во наведениот временски период:

| Година | Активност |
|---|---|
| 2026 - 2027 | - Изработка на акциски план и/или други прописи за организациската структура и идентификација на чинителите кои го сочинуваат системот за извештајно-прогнозни активности,<br>- Обезбедување на персонал со потребните вештини за спроведување на активностите поврзани со мониторинг на територијата, преку спроведување на посебни обука,<br>-Изработка на план и/или други прописи за инвестиции во прогностичка опрема. |
| 2026-2027 | - Фитосанитарната управа согласно Законот за здравјето на растенијата преку јавни овластување во областа на здравјето на растенијата да ангажира правни/физички лица со задачи во областа на следење, прогнозирање на штетни организми и други поврзани технички активности,<br>- Фитосанитарната управасо правни/физички лица со кои е склучен договор, да идентификува правилно територијално поставување на метеоролошките станици, најзначајните култури, како и соодветните штетни организми кои треба да се следат и да се прогнозираат,<br>- Започнување на пилот проект (во најпогодената област и/или производствена култура), со издавање на билтени. |
| 2026 | Утврдување на известувачи на локално ниво во определени пилот региони и земјоделски култури. |

## VI.5. ИНТЕГРИРАНА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА

Интегрирано управување со штетни организми (интегрирана заштита) вклучува спроведување на повеќе техники за превенција и мониторинг на напади и инфекции, користење на биолошки средства за контрола на штетните организми, примена на соодветни агротехнички мерки и употреба на ФФП кои претставуваат најмал ризик за здравјето на луѓето и животната средина.

Интегрираната заштита на растенија ќе се реализира и постигне исклучиво преку следење на основните принципи кои се наведени во Законот за фитофармација (*).

Принципите ги вклучуваат сите методи што можат да се користат во активностите за заштита на растенијата, а се насочени кон употреба на хемиски агенси само кога тоа е неопходно и кога е технички оправдано и притоа приоритет е производство на безбедна храна со повисок квалитет.

Системот за извештајно-прогнозни активностиќе биде клучен елемент за обезбедување на заинтересираните страни (професионални корисници, советници, дистрибутери итн.) со релевантни информации и препораки за успешно спроведување на принципите на интегрирана заштита на растенијата.

Интегрирана заштита ќе се спроведува како организиран систем во чија имплементација ќе бидат вклучени следните чинители:

- Фитосанитарна управа како надлежен орган за креирање на стратегии и политики, како и планови за имплементација и финансиско управување, како и за идентификација на структурите кои ќе бидат вклучени во специфични задачи и координација на сите заинтересирани страни;

- стручни лица за изготвување на препораки и билтени;

- локални лица-известувачи присутни на терен, одговорни за спроведување на интегрирана заштита во директен контакт со професионалните корисници. Оваа улога ќе биде дадена на советници, кои исто така функционираат во структури со капацитет да ја извршуваат оваа функција, меѓу кои и Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството и/или подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Следењето на спроведувањето на интегрираната заштита на растенијата, како и целите, мерките, показателите, податоците кои треба да се следат, изворите на податоци, надлежните органи и временската рамка за реализација на оваа мерка ќе се спроведе во согласност со:

| Интегрирана заштита на растенијата | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели | - Подобрување на земјоделското производство преку зголемување на квалитетот на земјоделските производи и приходите на земјоделските производители на одржлив начин, зачувување на биолошката разновидност и заштита на екосистемите,<br>- Обезбедување на одржлива употреба на ФФП во земјоделско производство од растително потекло, со минимизирање на ризиците од нивната употреба. | | | |
| Мерки | - Воспоставување и развој на мрежа за интегрирана заштита,<br>- Подготовка и дистрибуција на општи упатства за интегрирана заштита,<br>- Подготовка и дистрибуција на упатства за интегрирана заштита за најзначајните земјоделски култури. | | | |
| Показатели | Податоци кои треба да се истражат | Извор на податоци | Надлежен орган | Временска рамка |
| Институции/тела вклучени во мрежата за интегрирана заштита на централно и регионално ниво | Вработени лица од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (Фитосанитарна управа, Подрачни единици, Државен инспекторат за земјоделство), Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, научни институции, здруженија на земјоделски производители, Здружение на експерти за заштита на растенијата | Податоци за вработување од различни вклучени институции/тела | Фитосанитарна управа и Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството | 2026 |
| Подготвени општи упатства за интегрирана заштита | Објавени општи упатства за интегрирана заштита | Фитосанитарна управа | Фитосанитарна управа | 2026 |
| Подготвени упатства за интегрирана заштита за специфични култури | Број на објавени упатства за интегрирана заштита за специфични култури | Фитосанитарна управа | Фитосанитарна управа | 2026-2036 |

За воспоставување на интегрална заштита на растенијата, Фитосанитарната управа и останатите надлежни органи ќе ги спроведат следните активности во наведениот временски период:

| Година | Активност |
|---|---|
| 2026 | Поставување на организиран систем кој ги вклучува чинителите во мрежата за интегрирана заштита на централно и локално ниво |
| 2026 | Изработка на основни принципи за интегрирана заштита на растенијата |
| 2026 | Изработка на Правилник за основните принципи за интегрирана заштита на растенијата, како и рокот за задолжителна примена |
| 2026 -2028 | Изработка на посебни упатства за интегрирана заштита за следните култури:<br>- винова лоза;<br>- овоштарство (јаболка и праски);<br>- компир;<br>- жита, пченка и ориз;<br>- градинарски култури и<br>- тутун. |
| 2028 -2036 | Изработка на посебни упатства за интегрирана заштита за останати земјоделски култури. |

## VI.6. ИНФОРМИРАЊЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА НА ШИРОКАТА ЈАВНОСТ

Со оглед на можните ризици кои произлегуваат од употребата на ФФП, пошироката јавност треба да биде правилно информирана преку кампањи за подигнување на свеста во однос на ризиците по здравјето на луѓето и животната средина кои можат да настанат од нивната употреба; но и за потребата од нивната употреба за производство на здрави и квалитетни земјоделски производи.

Главни причини за потребата од подигнување на свеста на јавноста се:

- луѓето не се доволно и/или правилно информирани за ризиците по нивното здравје кои произлегуваат од употребата на ФФП во средината каде што живеат и работат;
- зајакнување на знаењето на непрофесионалните корисници за безбедна употреба на ФФП и
- непостоење на единствен систем кој обезбедува веродостојни и непристрасни информации за ФФП.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе изготви избалансирани, веродостојни и прецизни програми и кампањи за информирање и подигнување на свеста наменети за пошироката јавност и потрошувачите,во однос на ризиците и потенцијалните акутни и хронични влијанија врз здравјето на луѓето, нецелните организми и животната средина кои произлегуваат од употребата на ФФП, како и за придобивките од користењето на техниките за управување со штетните организми со ниска употреба на ФФП со фокус на интегрирана заштита на штетни организми и органско земјоделство.

Информациите од кампањите ќе бидат достапни на веб-страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и другите надлежни органи, како и преку медиуми, социјални мрежи итн.

Следењето на спроведувањето на информирањето и подигнувањето на свеста на широката јавност, како и целите, мерките, показателите, податоците кои треба да се следат, изворите на податоци, надлежните органи и временската рамка за реализација на оваа мерка ќе се спроведе во согласност со:

| Информирање и подигнување на свеста на широката јавност | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели | - Спречување на појава на потенцијални негативни влијанија по здравјето на луѓето и животната средина предизвикани од изложеност на ФФП. | | | |
| Мерки | - Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку подрачни единици и Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството спроведува информативни кампањи во соработка со други надлежни органи за оваа проблематика. | | | |
| Показатели | Податоци кои треба да се истражат | Извор на податоци | Надлежен орган | Временска рамка |
| Спроведени информативни кампањи | Достапност на информативни кампањи на веб-страниците на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и други надлежни органи; медиуми; социјални мрежи итн. | Веб-страници на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и други надлежни органи; медиуми; социјални мрежи итн. | Фитосанитарна управа | Годишно |

За спроведување на активноста информирање и подигнување на свеста на широката јавност, Фитосанитарната управа и останатите надлежни органи ќе ги спроведат следните активности во наведениот временски период:

| Година | Активност |
|---|---|
| 2026-2036 | Фитосанитарна управа, во соработка со други релевантни надлежни органи и експерти да подготви соодветни содржини за комуникациска кампања |
| 2026-2036 | Фитосанитарна управада избере и ангажира комуникациски агенции за изработка на комуникациски планови |
| 2026-2036 | Дистрибуција на информации до пошироката јавност во однос на:<br>- Ризиците по здравјето на луѓето поврзани со употребата на ФФП;<br>- Ризиците поврзани со употребата на ФФП за животната средина;<br>- Придобивките од одржлива употреба на ФФП за производство на безбедна храна и<br>- Превентивни мерки за намалување/избегнување на изложеност или случајна изложеност на ФФП. |

## VI.7. РАКУВАЊЕ И СКЛАДИРАЊЕ НА ФФП

Професионалните корисници и дистрибутери треба да ги преземат сите потребни мерки на претпазливост за да се осигура дека со ракувањето, складирањето и одложувањето на ФФП нема да се загрозат здравјето на луѓето или животната средина.

Просториите каде ФФП се складираат треба да бидат соодветни за да се спречи нивно несакано истекување/испуштање во животната средина.

Ракувањето со ФФП вклучувајќи и складирање, разредување, мешање, чистење на опремата по употребата, како и собирање и отстранување на растворите од резервоарите, празната амбалажа и остатоците од ФФП се особено подложни да предизвикаат несакана изложеност на луѓето и животната средина.

Мерките се однесуваат и на непрофесионалните корисници; бидејќи несоодветното ракување е многу веројатно да се појави кај оваа група на корисници поради нивното недоволно знаење.

Управувањето со отпадот од ФФП во Република Северна Македонија е регулирано со Законот за управување со отпадот (*), но сеуште не е воспоставен ефикасен систем за собирање и отстранување на отпадот од ФФП. Дополнително, постои потреба да се воспостави класификација на различните типови активни супстанции.

Постапување со отпадот од ФФП е во согласност со Листата на видови отпад која дава насоки за класификација на „амбалажа што содржи остатоци или е контаминирана со опасни супстанции“. ФАО препорачува на државите да ги класифицираат правилно исплакнатите пакувања кои биле прегледани како неопасни.

Следењето на спроведувањето на ракувањето и складирањето на ФФП, како и целите, мерките, показателите, податоците кои треба да се следат, изворите на податоци, надлежните органи и временската рамка за реализација на оваа мерка ќе се спроведе во согласност со:

| Ракување и складирање на ФФП | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели | а се минимизираат ризиците по здравјето на луѓето и животната средина кои произлегуваат од несоодветно чување, складирање, ракување и отстранување на ФФП | | | |
| Мерки | а се воспостави функционален систем за собирање и одложување на отпад од ФФП | | | |
| Показател | Податоци кои треба да се истражат | Извор на податоци | Надлежен орган | Временска рамка |
| Воспоставување на функционален систем за собирање на отпад од ФФП врз основа на прописите од областа на управување со отпад | Количина на отпад од ФФП за кој е воспоставен функционален систем (врз основа на увезена количина на амбалажа; споредена со собрана количина на амбалажа од страна на овластени субјекти согласно прописите од областа на управување со отпад) | Фитосанитарна управа, Државен инспекторат за земјоделство и Министерство за животна средина и просторно планирање | Министерство за животна средина и просторно планирање | 2026-2035 |
| Воспоставување на функционален систем за управување на собраниот опасен отпад од ФФП | Количина на уништен опасен отпад | Министерство за животна средина и просторно планирање | Министерство за животна средина и просторно планирање | 2026-2035 |
| Воспоставување на функционален систем за управување на собраниот отпад од амбалажа на ФФП | Количина на уништен отпад | Министерство за животна средина и просторно планирање | Министерство за животна средина и просторно планирање | 2026-2035 |
| Правните лица кои пласираат на мало и на големо и професионални корисници што правилно ги применуваат пропишаните мерки | Процент на контролирани увозници и професионални корисници кои работат во согласност со пропишаните мерки | Државен инспекторат за земјоделство | Државен инспекторат за земјоделство | Годишно |

За воспоставување на ефикасен систем за управувањето со отпадот од ФФП, Фитосанитарната управа и останатите надлежни органи ќе ги спроведат следните активности во наведениот временски период:

| Година | Активност |
|---|---|
| 2026 | Министерството за животна средина и просторно планирање да воспостави функционален систем за класификација на отпад и одделно собирање на опасен отпад, уредено со Законот за управување со отпадот (*). |
| 2026-2027 | Воспоставување на функционален систем за собирање на отпад од ФФП |
| 2026-2027 | Изготвување на подзаконски акти од Законот за фитофармација (*) од областа на чување, складирање, ракување и отстранување на ФФП |
| 2026-континуирано | Откако системите за собирање и отстранување на отпад од ФФП ќе бидат воспоставени и функционални, спроведување на информативни кампањи за информирање на операторите кои пласираат на пазар ФФП и професионалните корисници за нивните обврски |
| 2026 -2027 | Подготовка и објавување на брошура за правилно отстранување на амбалажа и процедури за безбедно отстранување на остатоци од ФФП за непрофесионални корисници |

## VI.8. СЕРТИФИКАЦИЈА НА ОПРЕМА ЗА АПЛИКАЦИЈА НА ФФП

Целта на редовните прегледи е да се осигура дека опремата за примена на ФФП обезбедува висок степен на безбедност и заштита за здравјето на луѓето и животната средина.

Со прегледите се гарантира дека опремата функционира безбедно и дека ФФП можат прецизно да се дозираат и аплицираат, односно опремата треба да биде во состојба која овозможува безбедно, лесно и целосно полнење и празнење, како и спречување на протекување на ФФП.

Прегледите ги спроведуваат контролни тела за преглед на опремата за апликација на ФФП кои се овластени од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Вработените во контролните тела треба да имаат завршено специјализирана обука, а по потреба и дополнителни обуки за надградување на знаењата.

Редовните прегледи се вршат на секои пет години.

Покрај редовните прегледи, сопствениците на опремата за апликација на ФФП требаредовно да спроведуваат само-контрола, односно да вршат само-подесување и техничка проверка на опремата во согласност со знаењето и новите практики стекнати од посетените обуки.

Следењето на спроведувањето на сертификацијата на опрема за апликација на ФФП, како и целите, мерките, показателите, податоците кои треба да се следат, изворите на податоци, надлежните органи и временската рамка за реализација на оваа мерка ќе се спроведе во согласност со:

| Сертификација на опрема за апликација на ФФП | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели | - Да се обезбеди дека опремата за апликација на ФФП која се користи во државата функционира правилно, со што се обезбедува висок степен на безбедност и заштита на здравјето на луѓето и животната средина. | | | |
| Мерки | - Воспоставување на систем за сертификација за редовна контрола на опремата за апликација на ФФП | | | |
| Показател | Податоци кои треба да се истражат | Извор на податоци | Надлежен орган | Временска рамка |
| Систем за сертификација за редовна проверка на опремата за апликација на ФФП | Број на проверена опрема за апликација на ФФП на годишно ниво | Фитосанитарна управа | Фитосанитарна управа | Годишно |

За воспоставување на систем за сертификација на опрема за апликација на ФФП во државата, Фитосанитарната управа и останатите надлежни органи ќе ги спроведат следните активности во наведениот временски период:

| Година | Активност |
|---|---|
| 2026 | Изработка на подзаконски акти со кои ќе се дефинираат деталите поврзани со сертификација на опремата за апликација на ФФП |
| 2026 | Организирање обуки за персоналот кој работи во контролните тела за вршење на преглед на опремата за примена на ФФП |
| 2026 -2027 | Обезбедување на финансиски средства за набавка на потребната опрема за сертификација на опремата за апликација на ФФП во рамките на Програмите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство од дел VI.15 од овој акциски план за субјектите кои ќе ја вршат контролата |
| 2026 | Склучување на договор со научно образовни институции за спроведување на специјализирани обуки на стручните лица кои ќе ја спроведуваат сертификација на опремата за апликација на ФФП |
| 2026 | Фитосанитарна управа да развие модул во рамките на ИТ системот (ФИС) за сертификација на опремата за апликација на ФФП |
| 2026-2027 | Фитосанитарна управа да воспостави систем за редовна проверка на опремата за апликација на ФФП со овластување на контролни тела |
| 2026 | Воспоставување на евиденција на прегледана опрема, врз основа на информации обезбедени од контролни тела во ФИС |
| 2026-континуирано | Фитосанитарна управа да организира кампања за подигање на свеста кај професионалните корисници за обврската за редовен преглед на опремата за апликација на ФФП, вклучувајќи демонстративни сесии за илустрирање на предностите од редовна проверка, како и спроведување на само-контрола |

## VI.9. МОНИТОРИНГ НА ВОДНАТА СРЕДИНА И ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ

НАП-от предвидува специфични мерки за активна заштита на водната средина и водата за пиење, кои ќе започнат да се спроведуваат по 2026 година, а до тогаш, прописите за управување со водите ја регулираат политиката за еколошкиот квалитет на површинските води и копнените екосистеми поврзани со тие водни тела, вклучувајќи ги и водите користени за абстракција на водата за пиење.

Фитосанитарната управа ќе обезбеди спроведување на соодветни мерки за заштита на водната средина и резервоарите на водата за пиење од влијанието на ФФП во согласност со Законот за фитофармација (*). Овие мерки треба да бидат поддржани и усогласени со соодветните одредби од Законот за водите, Законот за хидрометеоролошка дејност и Законот за безбедност на храната (*).

Од особено значење е тоа што овие активности треба да бидат конзистентни со мерките утврдени со Законот за водите, како и со Законот за фитофармација (*),со што ќе се придонесе за постигнување на целите поставени од овие закони, како и со Законот за хидрометеоролошка дејност и Законот за безбедност на храната (*) (за квалитетот на водата наменета за консумирање од страна на човекот).

Мерки за намалување на ризиците што произлегуваат од употребата на ФФП вклучуваат:

- мерки за ублажување на ризиците поврзани со пренос по воздух, одлив и испирање на ФФП;
- ограничување/замена/елиминација на ФФП со цел заштита на водната средина и водата за пиење и
- дополнителни алтернативни мерки во комбинација со мерките за намалување на ризиците, ги дефинираат надлежните органи првенствено оценувајќи ја соодветноста на секоја мерка и последователно интервенцијата во однос на специфичните територијални карактеристики и потребното ниво на заштита за да се постигнат целите утврдени со прописите за заштита на водните ресурси и водните екосистеми (Законот за водите), поврзани со намалување на влијанијата и ризиците од употребата на ФФП.

Воведувањето на тампон зони покрај водните тела каде што нема да се користат ФФП претставува клучна мерка за заштита на површинските води, како и воведување на заштитни зони за површинските и подземните води што се користат за абстракција на вода за пиење каде што нема да се користат или складираат ФФП.

Мерките треба да ги земат предвид и резултатите од активностите за мониторинг на водата, со цел да се идентификуваат активните супстанции кои најчесто се детектираат и оние што ги надминуваат законските лимити во водите и водните тела со цел да се предвиди соодветна ограничена употреба или елиминација на овие супстанции.

Следењето на спроведувањето на мониторингот на водната средина и водата за пиење, како и целите, мерките, показателите, податоците кои треба да се следат, изворите на податоци, надлежните органи и временската рамка за реализација на оваа мерка ќе се спроведе во согласност со:

| Мониторинг на водната средина и водата за пиење | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели | - Да се минимизира загадувањето на површинските и подземните води, како и водите за пиење предизвикано од употребата на ФФП.<br>- Да се овозможи претставување на тренд на загадување на површинските и подземните води на национално ниво; поддржувајќи процеси на донесување одлуки насочени кон минимизирање на ризиците од употреба на ФФП.<br>- Да се следи ефективноста на спроведените мерки за ублажување на ризиците од употреба на ФФП на национално ниво. | | | |
| Мерки | - Намалување на ризиците поврзани со пренос на ФФП преку воздух; одлив и испирање.<br>- Ограничување/замена/елиминација на ФФП за целите на заштита на водната средина и водата за пиење. | | | |
| Показател | Податоци кои треба да се истражат | Извор на податоци | Надлежен орган | Временска рамка |
| Воспоставување на мониторинг систем за следење на присуство на резидуи од ФФП во примероци од вода | Годишен извештај од реализација на мониторинг програма | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи и<br><br>Агенција за храна и ветеринарство | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи и<br><br>Агенција за храна и ветеринарство | 2026-2027 |
| Процент на мониторинг локации кои ги надминуваат законските лимити | Аналитички мерења на активни супстанци во примероци од вода | Национален мониторинг план | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Агенција за храна и ветеринарство; Министерство за животна средина и просторно планирање | Годишно |
| Фреквенција на откривање и просечна концентрација на приоритетни супстанции | Аналитички мерења на активни супстанци во примероци од вода | Национален мониторинг план | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Агенција за храна и ветеринарство; Министерство за животна средина и просторно планирање | Годишно |
| Фреквенција на откривање и просечна концентрација на ФФП во површински води, подземни води и зони за абстракција на водата за пиење | Аналитички мерења на активни супстанци во примероци од вода | Национален мониторинг план | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Агенција за храна и ветеринарство; Министерство за животна средина и просторно планирање | Годишно |

За воспоставување на мониторинг на водната средина и водата за пиење за присуство на резидуи од ФФП, Фитосанитарната управа и останатите надлежни органи ќе ги спроведат следните активности во наведениот временски период:

| Година | Активности |
|---|---|
| 2027-2028 | Обезбедување на финансиски средства за набавка на потребната опрема за лабораториска анализа на резидуи од ФФП во вода во рамките на Програмите на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство од дел VI.15 од овој акциски план за лабораториите кои ќе ги вршат анализите на земените примероци |
| 2028 | Акредитација на лабораториите кои ќе ги вршат анализите на земените примероци вода за утврдување на присуство на резидуи од ФФП |
| 2027-2028 | Вклучување на мостри за следење на присуство на резидуи од ФФП во примероци од вода во рамки на годишната мониторинг програма за води (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управа за хидрометеоролошки работи, Агенција за храна и ветеринарство и Министерство за животна средина и просторно планирање). |
| 2026-тековно | Соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање за идентификација на репрезентативни мониторинг локации. |
| 2026 | Формализирање на соработката помеѓу релевантните институции (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управа за хидрометеоролошки работи, Агенција за храна и ветеринарство и Министерство за животна средина и просторно планирање) за усогласување на постојните мониторинг програми за вода. |
| 2028 | Воспоставување на соодветен лабораториски систем за хемиски анализи на примероци од вода. |
| 2027-континуирано | Обезбедување историски податоци за откриени ФФП во примероци од вода. |
| континуирано | Користење на ЕУ експертиза од достапните инструменти на ЕУ. |

| | |
|---|---|
| 2026-континуирано | Подготовка на прирачници за правилна употреба на ФФП, со акцент на заштита на водите вклучувајќи:<br>- избор и примена на најефикасните техники, како што е употребата на опрема со мал пренос по воздух за вертикални култури (овоштарници, лозја и др.);<br>- употреба на соодветни мерки за ублажување кои го минимизираат ризикот од загадување на нецелни организми;<br>- намалување или елиминација на употреба на ФФП на патишта, железнички линии, пропустливи површини или инфраструктура блиску до водни тела и<br>- намалување или елиминација на употребата на ФФП кои содржат активни супстанци од значителна загриженост според резултатите од националниот мониторинг на ФФП во водите. |
| 2027 -континуирано | Спроведување на систематска Национална програма за испитување на резидуи од ФФП во површински води; подземни води и водата за пиење со следни активности:<br>- дефинирање на мониторинг мрежа со локации репрезентативни за територијата и влијанието на употребата на ФФП,<br>- утврдување на зачестеноста на земање примероци за откривање на пиковите на концентрации; земајќи ги предвид сезоните на употреба на ФФП,<br>- идентификација на релевантни активни супстанции за мониторинг според критериуми поставени од правната рамка,<br>- дефинирање на систем за собирање на мониторинг податоци на хармонизиран начин,<br>- анализа на мониторинг податоци за фреквенција на откривање на супстанци; агрегирани концентрации; локации што ги надминуваат законски дозволените прагови; геолокација на резултатите и нивна тенденција,<br>- ажурирање на годишните тенденции на анализите и изработка на извештаи за резултатите за резидуиод ФФП во водите; со препораки за подобрување на заштитата на водите од нивната употреба,<br>- периодично ажурирање на мониторинг планот согласно добиените резултати и еволуцијата на правната рамка за политики за вода. |

## VI.10. УПОТРЕБА НА ФФП ВО ОБЛАСТИ ПОСЕТЕНИ ОД ПОШИРОКАТА ЈАВНОСТ И РАНЛИВИ ГРУПИ

Областите користени од пошироката јавност или од ранливите групи, како што се јавните паркови и градини, спортските и рекреативните терени, училиштата и детските игралишта, како и во близина на здравствените установи, треба да бидат заштитени од ризиците кои можат да настанат со употребата на ФФП.

Во овие области професионалните корисници на ФФП првенствено треба да изберат механички, биолошки или други нехемиски мерки за контрола и/или ФФП кои содржат активни супстанци со низок ризик, ФФП одобрени за употреба со ендотерапија (директно инјектирање на ФФП во стеблата на растенијата), како и оние на основа на феромони во диспензери или мамци може секогаш да се користат.

Користените ФФП можат да се употребуваат во овие области.

Во случај кога е неопходна употреба на хемиски ФФП, истите не треба да ги носат следните ознаки за опасност на етикетата: H351, H340, H341, H360, H360D, H360Df, H360F, H360FD, H360Fd, H361, H361d, H361f и H361fd.

Употребата на ФФП кои ги носат Н индикации на етикетата може да биде дозволена по одлука на Фитосанитарната управа, само во случај кога врз основа на документирани докази се потврди недостиг на соодветни ФФП кои немаат такви ознаки за опасност на етикетата или на алтернативни (нехемиски) методи.

Не треба да има пристап до третираното подрачје, со обележување на просторот, а апликацијата на ФФП во области кои ги посетува населението или ранливите групи треба да се изврши исклучиво во одредени периоди или временски интервали, односно за време на затворањето на таквите области и во секој случај во периодот од денот кога има најмала фреквенција на случајни минувачи и жители.

Следењето на спроведувањето на употребата на ФФП во области посетени од пошироката јавност и ранливи групи, како и целите, мерките, показателите, податоците кои треба да се следат, изворите на податоци, надлежните органи и временската рамка за реализација на оваа мерка ќе се спроведе во согласност со:

| Употреба на ФФП во области посетени од пошироката јавност и ранливи групи | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели | Минимизирање на ризиците за здравјето луѓето и ранливите групи поврзани со употребата на ФФП во области кои ги посетува пошироката јавност. | | | |
| Мерки | Утврдување специфични барања за примената на ФФП во области кои ги посетуваат пошироката јавност и ранливите групи. | | | |
| Показатели | Податоци кои треба да се истражат | Извор на податоци | Надлежен орган | Временска рамка |
| Применување на барањата од страна на локалните надлежни органи | Намалување на употребата на хемиски ФФП во јавни области и области што ги посетуваат ранливите групи | Локални надлежни органи (на пр. општини, јавни претпријатија за уредување и одржување на јавните површини) | Локални надлежни органи (на пр. општини, јавни претпријатија за уредување и одржување на јавните површини) | Тековно |

За постигнување на контролирана употреба на ФФП во области посетени од пошироката јавност и ранливи групи, Фитосанитарната управа и останатите надлежни органи ќе ги спроведат следните активности во наведениот временски период:

| Година | Активност |
|---|---|
| 2026 | Фитосанитарната управа да преземе активности во насока на подигнување на свеста кај локалните надлежни органи (на пр. општини, јавни претпријатија за уредување и одржување на јавните површини) во однос на правилата поврзани со заштита на растенијата во јавни области и во области што ги посетуваат ранливите групи. |
| 2027 | Изготвување на упатства за примената на методи и ФФП во јавни области и области што ги посетуваат ранливите групи. |

## VI.11. УПОТРЕБА НА ФФП НА ПОВРШИНИ ВО НЕПОСРЕДНА БЛИЗИНА НА ОБЛАСТИТЕ ПОСЕТЕНИ ОД ПОШИРОКАТА ЈАВНОСТ И РАНЛИВИ ГРУПИ

На земјоделските површини кои се наоѓаат во непосредна близина на областите посетени од пошироката јавност и ранливи групи, како и на други идентификувани области, се утврдуваат посебни барања на упатствата за употреба на производитесо цел да се избегне изложување на пошироката јавност или на ранливите групи за апликација на ФФП.

Во овие области каде има земјоделска површина, треба да се почитува минимално растојание од 30 метри од областите посетени од пошироката јавност и ранливи групи при употреба на ФФП класифицирани како токсични и/или кои ги носат следните опасни индикации на етикетата: H350i, H351, H340, H341, H360, H360D, H360Df, H360F, H360FD, H360Fd, H361, H361d, H361f и H361fd.

Минималното растојание може да се намали на 10 метри со примена на мерки за намалување на дрифт (заносување) на ФФП при прскањето, секогаш во согласност со упатствата на етикетата и во согласност со построгите одлуки на локалните надлежни органи.

Професионалните корисници кои работат во таквите земјоделски области треба да наведат во евиденцијата за употребата на ФФП, вклучувајќи ја не-третираната област (тампон зона) и/или применетите мерки за намалување на ризиците, каде што е применливо.

Следењето на спроведувањето на употребата на ФФП на површини во непосредна близина на областите посетени од пошироката јавност и ранливи групи, како и целите, мерките, показателите, податоците кои треба да се следат, изворите на податоци, надлежните органи и временската рамка за реализација на оваа мерка ќе се спроведе во согласност со:

| Употреба на ФФП на површини во непосредна близина на областите посетени од пошироката јавност и ранливи групи | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели | Минимизирање на ризиците по здравјето на луѓето од употребата на ФФП во областите кои ги посетува јавноста. | | | |
| Мерки | Утврдување на специфични барања за примена на ФФП во земјоделски области соседни на областите кои ги посетуваат ранливите групи. | | | |
| Показатели | Податоци што треба да се истражуваат | Извор на податоци | Надлежен орган | Временска рамка |
| Примена на барањата за професионалните корисници во земјоделски области соседни на областите кои ги посетуваат ранливите групи | Не-третирана област (тампон зони) и/или усвојување на мерки за намалување на ризикот, каде што е применливо | Евиденцијата за употребените ФФП на професионалните корисници во соседство на таквите области каде има земјоделска површина | Професионалните корисници во области каде има земјоделска површина во соседство на таквите области | 2026 |

За постигнување на контролирана употреба на ФФП на површини во непосредна близина на областите посетени од пошироката јавност и ранливи групи, Фитосанитарната управа и останатите надлежни органи ќе ги спроведат следните активности во наведениот временски период:

| Година | Активност |
|---|---|
| 2026- континуирано | Подигнување на свеста кај професионалните корисници кои работат во области каде има земјоделска површина, соседни на оние што ги посетуваат ранливите групи во однос на барањата што треба да се имплементираат од страна на Фитосанитарна управа. |

## VI.12. ОДРЖЛИВО КОРИСТЕЊЕ НА ФФП ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ВО ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА

Во заштитените подрачја во согласност со Законот за заштита на природата треба да се усвојат соодветни мерки за да се гарантира одржувањето или обновувањето на задоволителен статус на конзервација на природните живеалишта на присутните видови на локациите, притоа идентификувајќи ги земјоделските активности за секоја локација и како резултат на тоа усвојувајќи соодветни обврски во насока на заштита на овие подрачја.

Следењето на спроведувањето на одржливото користење на ФФП во земјоделството во заштитени подрачја, како и целите, мерките, показателите, податоците кои треба да се следат, изворите на податоци, надлежните органи и временската рамка за реализација на оваа мерка ќе се спроведе во согласност со:

| Одржливо користење на ФФП во земјоделството во заштитени подрачја | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели | Да се заштитат природните живеалишта во заштитените подрачја од негативните ефекти на ФФП. | | | |
| Мерки | Намалување на употребата на ФФП во земјоделските производствени локации во заштитените подрачја за да се осигура задоволителен статус на конзервација на живеалиштата и видовите присутни на локациите. | | | |
| Показател | Податоци што треба да се истражуваат | Извор на податоци | Надлежен орган | Временска рамка |
| Земјоделски стопанства конвертирани во органско земјоделско производство во заштитените области | Број/процент на земјоделски стопанства конвертирани во органско земјоделство во заштитените области | ИТ база на податоци за органско земјоделство | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Одделение за органско земјоделство | 2027 – континуирано |

За постигнување на контролирана употреба на ФФП во земјоделството во заштитени подрачја, Фитосанитарната управа и останатите надлежни органи ќе ги спроведат следните активности во наведениот временски период:

| Година | Активност |
|---|---|
| 2027 | Проценка на земјоделските површини и растенија во различни заштитени подрачја. |
| 2026 – континуирано | Да се охрабри и промовира конверзија кон органско земјоделско производство во земјоделското производство во заштитените подрачја. |
| 2026 | Утврдување специфични барањаза заштита во однос на употребата на ФФП по секоја проценета култура и на основа на видовите и стаништата што треба да се заштитат. |
| 2026– континуирано | Обезбедување на дополнителна обука за професионалните корисници кои работат во заштитените подрачја. |
| 2030 | Ревизија на НАП според резултатите од првите пет години. |

## VI.13. ЗАШТИТА НА ПЧЕЛИ И ДРУГИ ОПРАШУВАЧИ

Намалувањето на популацијата на опрашувачите и неговите последици врз обезбеденоста со храна, здравјето на луѓето, квалитетот на животот и функционирањето на екосистемите предизвикува силна загриженост во општеството, особено од страна на научниците и граѓанското општество и произлегување на потреба од преземање на решителни дејства за адресирање на причините за намалувањето на бројноста и спречување на опаѓањето.

Падот на бројноста на опрашувачите претставува закана и за благосостојбата на луѓето и за природата, вклучително и загрозување на земјоделското производство.

Една од главните закани за дивите опрашувачи се интензивните практики во земјоделското производство (вклучувајќи и употреба на ФФП), поради што неопходно е преземање на соодветни мерки за ублажување на нивното негативно влијание.

Следењето на спроведувањето на заштитата на пчели и други опрашувачи, како и целите, мерките, показателите, податоците кои треба да се следат, изворите на податоци, надлежните органи и временската рамка за реализација на оваа мерка ќе се спроведе во согласност со:

| Заштита на пчели и други опрашувачи | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели | Да се заштитат пчелите и другите опрашувачи од употребата на ФФП | | | |
| Мерки | Да се намали/елиминира употребата на ФФП кои се штетни за пчелите и другите опрашувачи. | | | |
| Показатели | Податоци што треба да се истражуваат | Извор на податоци | Надлежен орган | Временска рамка |
| Зголемена свест за влијанието на ФФП на пчелите и другите опрашувачи | Број на организирани средби | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фитосанитарна управа, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фитосанитарна управа, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството | 2026-континуирано |

За обезбедување на заштита на пчелите и други опрашувачи, Фитосанитарната управа и останатите надлежни органи ќе ги спроведат следните активности во наведениот временски период:

| Година | Активност |
|---|---|
| 2026 | Промовирање на размена на информации помеѓу професионалните корисници и пчеларите за да се минимизира влијанието на употребата на ФФП на пчелите со организирање на средби на локално ниво. |
| 2027 | Подготовка на брошури за најдобри практики, како што се:<br>- подигнување и адекватно одржување на појаси околу полињата, засадени со тревни видови од локалната флора, кои што се корисни за пчелите. Овие појаси мора да се косат пред пред примената на ФФП, доколку во нив има растенија во фаза на цветање,<br>- засадување на живи огради или сеење на растенија корисни за пчелите на необработени парцели или парцели недостапни за земјоделска механизација,<br>- замена или елиминација на ФФП кои се штетни за пчелите и<br>- идентификација на времето на најсоодветна употреба на ФФП со цел намалување на ризикот од штетни ефекти на пчелите (на пр. Рано наутро на изгрејсонце или во самрак (пред зајдисонце), кога пчелите се помалку активни). |
| 2030 | Ревизија на НАП според резултатите од првите пет години. |

## VI.14. УПОТРЕБА НА ВОЗДУШНА АПЛИКАЦИЈА НА ФФП

Согласно Законот за фитофармација (*), воздушната апликација на ФФП не треба да се користи како метод кој има потенцијал да предизвика значајни негативни ефекти врз здравјето на луѓето и животната средина.

Воздушна апликација може да се употребува во исклучителни случаи кога не постојат други прифатливи алтернативи и каде што воздушната апликација нуди јасни предности во однос на прскањето од земја.

По исклучок, воздушната апликација може да се употребувасамо во посебни случаи доколку истите се пропишани во подзаконските акти од Законот за фитофармација (*). Во случај на исклучоци, може да се користат само ФФП кои се специјално одобрени за апликација од воздух.

Операторите ангажирани во воздушна апликација на ФФП (пилоти и земјоделски персонал) треба да поседуваат сертификат за посетена обука за фитофармација.

Воздухопловното летало треба да биде опремено со најдобрата достапна технологија за намалување на занесувањето на ФФП при неговата воздушна апликација.

Воздушната апликација на ФФП не треба да се употребуваво областите каде има извори на вода за пиење и во заштитени природни области. Исто така, треба да бидат заштитени и останатите осетливи површини на пр. домови, фарми со добиток, пчеларници, органски или биодинамични земјоделски стопанства, водотеци и јавни патишта.

Следењето на спроведувањето на употребата на воздушна апликација на ФФП, како и целите, мерките, показателите, податоците кои треба да се следат, изворите на податоци, надлежните органи и временската рамка за реализација на оваа мерка ќе се спроведе во согласност со:

| Употреба на воздушна апликација на ФФП | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели | Да се спречат негативните влијанија врз здравјето на луѓето и животната средина предизвикани од занесување на ФФП при воздушна апликација. | | | |
| Мерки | Да се воспостави систем за минимизирање на употребата на воздушна апликација на ФФП | | | |
| Показатели | Податоци кои треба да се истражуваат | Извор на податоци | Надлежен орган | Временска рамка |
| Строга ограниченост на овластувањата за воздушно прскање | Број на овластувања за воздушно прскање | Фитосанитарна управа | Фитосанитарна управа | 2026 континуирано |

За спроведување на употребата на воздушна апликација на ФФП во државата, Фитосанитарната управа и останатите надлежни органи ќе ги спроведат следните активности во наведениот временски период:

| Година | Активност |
|---|---|
| 2026 | Фитосанитарната управа ќе го утврди начинот на воздушна апликација за воздушна апликација на ФФП согласно барањето за исклучок. |

## VI.15. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НАМЕНЕТА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ И ОЛЕСНУВАЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА МЕРКИТЕ ДЕФИНИРАНИ ВО НАП

Во рамките на постигнување на предвидените цели на НАП, за постигнување на одржлива употреба на ФФП неопходно е реализација на повеќе активности, како и воспоставување на комплексни системи во државата.

Во насока на воспоставување и имплементација на предвидените мерки и активности, неопходно е обезбедување на финансиска поддршка во рамките на Програмите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (Програма за финансиска поддршка во руралниот развој, Програмата за фитосанитарна политика и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството), а истата ќе се овозможи преку воведување на мерки наменети за одржлива употреба на ФФП, а различните активности ќе се однесуваат на подобрување и олеснување на спроведувањето на мерките дефинирани во НАП.

Корисници на оваа финансиска поддршка се: земјоделските производители корисници на ФФП, надлежните органи и овластени тела кои се вклучени во спроведување на предвидените мерки и активности во НАП-от, како и научно – истражувачките институции.

Финансиската поддршка наменета за земјоделски производители корисници на ФФП ќе се однесува на:

- набавка на нова опрема за апликација на ФФП;
- воспоставување на соодветни објекти за складирање на ФФП;
- изградба на објекти за чистење на опремата за апликација на ФФП и
- покривање на дополнителните трошоци произлезени од употребата на други не-хемиски методи (примена на биолошки препарати, користење на феромонски мамци и сл.).

Финансиската поддршка наменета за надлежните органи и овластени тела кои се вклучени во спроведување на предвидените мерки и активности во НАП ќе се однесува на:

- набавка на опрема за сертификација на опремата за апликација на ФФП,
- набавка на лабораториска опрема за спроведување на лабораториски анализи на вода за утврдување на резидуи од ФФП,
- организирање на јавни кампањи за подигнување на јавната свест за одржлива употреба на ФФП (медиумска покриеност, директни средби со чинителите, брошури, лифлети и др.) и
- набавка на неопходната техничка/информатичка опрема за воспоставување систем за извештајно-прогнозни активности за здравјето на растенијата и интегрирана заштита на растенијата.

Финансиската поддршка наменета на научно - истражувачки институции кои се вклучени во спроведување на предвидените мерки и активности во НАП ќе се однесува на:

- подобрување на имплементацијата и развој на интегрирана заштита на растенијата (на пр. дефинирање на економскиот праг на штетност за различни штетни организми по различни култури, изведување на истражувања за дефинирање на најдоброто интегрирање на не-хемиските методи за интегрирана заштита и др.) и
- испитување на појава на отпорност на штетните организми во однос на одредени активни супстанци.

## VII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Овој Национален акциски план влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-1913/11
3 март 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.